Црвен крст на Република Македонија

# СТАНДАРДИ
# ЗА БРЕНДИРАЊЕ НА
# ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# СТАНДАРДИ ЗА БРЕНДИРАЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Нашиот визуелен идентитет претставува олицетворение на сето она за што Црвен крст на Република Македонија се залага, а истовремено влијае на перцепцијата и чувството на сѐ што правиме. Доколку сме посветени и доследни на неговата употреба сите заедно можеме да го зајакнеме квалитетот на нашата работа, да водиме јасни и авторитетни комуникации и информации и најважно, достојно да ги дисеминираме нашите вредности.

## 1. ВОВЕД

Документот за заштитните или бренд стандарди на Црвен крст на Република Македонија е израз на волјата и грижата за заштита и препознатливост на хуманитарниот капацитет, способност, дигнитет и одговорност во Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, и во Република Македонија.

Стандардите за брендирање на Црвен крст на Република Македонија ја имаат улогата на пропишани правила за изедначен облик, големина, постојан квалитет и контрола и начин на следење на примената на логото на Црвен крст на Република Македонија. Истите се производ на искуствата во Црвен крст на Република Македонија, компонентите на Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, и одделни национални друштва. Правната моќ се црпи од Законот за Црвен крст на Република Македонија, Статутот на Црвен крст на Република Македонија, Правилата за употреба и заштита на амблемот на Црвен крст на Република Македонија, Статути и правила на Меѓународниот комитет на Црвен крст и Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, документи на Конференции на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина и документи на Меѓународната заедница (Женевски конвенции и други). Фактичката моќ и одговорност произлегува од седумте основни принципи на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина.

### Основни Принципи

Нашата организација се потпира врз седумте основни принципи на Меѓународното Движење на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина кои ја насочуваат нашата работа. Тие се водечки принципи кои имаат посебна вредност и претставуваат основа за сето она што го правиме. Исто така, го формираат и перципирањето на јавноста во однос на нашата работа.

ХУМАНОСТ

НЕПРИСТРАСНОСТ

ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА

НЕУТРАЛНОСТ

НЕЗАВИСНОСТ

УНИВЕРЗАЛНОСТ

ЕДИНСТВОСТ

### Мисија на Црвен крст на Република Македонија

Црвениот крст на Република Македонија е хуманитарна, волонтерска организација која делува согласно со основните принципи на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина работејќи на планот на обезбедување помош и услуги за ранливо население и промовирање на меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности.

**Што е бренд (заштитен знак)**?

Пред да се зборува за позиционирање на брендот и бренд стандарди, треба да се дефинира значењето на терминот **"бренд".** Брендот е многу повеќе од значењето на логото и укажува кон тоа, што претставува организацијата и какви бенефиции обезбедува секогаш кога луѓето ќе бидат во контакт со него. Брендот се однесува на сите искуства на јавноста во однос на тоа што го гледаат, слушаат, читаат и непосредно го доживуваат за Црвениот крст на Република Македонија.

Брендот го пренесува кредибилитетот, компетентноста и грижа кон визијата, мисијата и принципите на организацијата. Доколку сме доследни во нашето однесување, начинот на кој што зборуваме, звучиме и изгледаме, тогаш може да го зголемиме разбирањето на јавноста во однос на тоа што го правиме. Нашите пораки ќе бидат појаки, и ќе ни овозможат да ја надградуваме и одржуваме довербата на долгорочен план. Еден силен бренд ќе ни помогне да станеме посилна организација, а со тоа нашите поддржувачи ќе не помнат, ќе ни се враќаат и ќе не препорачуваат кај други.

На практично ниво, доколку поставените стандарди за брендирање на Црвениот крст на Република Македонија се употребувани и презентирани на доследен начин, ќе резултира со повеќе придобивки во однос на работењето и функционирањето на организацијата.

- Бидејќи работиме со сет на визуелни елементи кои се веќе прецизно креирани - *штедиме време,* а со тоа веќе знаеме што и како да го кажеме преку унифицирана визуелна порака.

- Со основните елементи за дизајн, примерите и обрасците кои ни се достапни, дизајнерската работа ќе биде многу поедноставна. За одредени проекти нема да ни биде потребна поддршка за компјутерски дизајн, а на тој начин штедиме и финансиски средства.

- Сето ова ни овозможува да ја подигнеме свеста на јавноста за Црвениот крст и за нашата мисија и ни помага да го зголемиме нашиот кредибилитет. Правилната употреба на Стандардите за брендирање ќе ни помагаат да бидеме препознатливи во општото опкружување и ќе ни ги подобрат нашите потенцијали за мобилизирање фондови и партнерски соработки. Преку креирањето на единствен идентитет за Црвениот крст ќе и помагаме на јавноста да ги препознае нашите услуги, волонтери и активности кои единствено целат кон помош на ранливи категории на население во сите заедници во кои сме активно вклучени во нашата земја, но и пошироко.

**Значење на брендот**

Со брендот, Црвениот крст на Република Македонија го означува коренот на хуманоста и вредносниот систем за помош на оние на кои им е најпотребна, ја дава историската и функционална врска со Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, го истакнува јавниот легитимитет и кредибилитет, ја обезбедува комуникацијата со јавноста и особено ранливата јавност и врши заштита на дигнитетот при активностите во рамки на прокламираната хумана мисија и визија.

При користењето на брендот со стандардизирани основи и операционалитет се гарантира успешност, ефикасност, институционална сигурност, капацитет за партнерски соодноси и потенцијали за мобилизирање на фондови во Република Македонија и надвор од неа и пораст на имиџот и улогата во заедницата. Преку брендот се обезбедува емотивната врска со населението и довербата во долгорочноста на хуманата определба и работа на Националното друштво.

Логото како најзначаен структурален елемент за остварување на комуникацијата е дел од вкупниот комплекс на Црвениот крст на Република Македонија (канцелариско работење, промотивни материјали, публикации, архитектура и возила, ВЕБ страница и Е-весник) кои влегуваат во контекстот за стандардизација на брендот, а со тоа и унифициран и одговорен однос на сите овластени корисници.

**Цел на бренд/стандардот**

Основната цел на стандардизацијата е поврзана со правилно и препознатливо исполување на хуманитарниот капацитет, интерна унифицираност и одговорност при примената на национално и локално ниво и заштитниот легитимитет со екстерната структура на комуникација и јавноста во целина.

Посебната цел е насочена кон стабилниот партнерски однос во Република Македонија и во Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина.

**Ефекти**

Подобрени комуникации, дигнитет и легитимитет, зголемена одговорност и целосна посветеност на основните принципи на Движењето.

**Резултати**

Документот за стандардизацијата на употребата на знакот на Црвен крст во Црвениот крст на Република Македонија допринесува за: подигнато ниво на силно Национално Друштво со целокупниот свој капацитет, работа и активност (сертификација); унифициран пристап кон употребата на амблемот; зголемена доверба во Националното Друштво; применлив документ (Стандарди за брендирање на Црвен крст на Република Македонија); измени и дополнувања и прилагодување на постојна легислатива; формирање и функционирање на тело за следење на примена на стандардите и давање на напатствија и согласности за одредени корисни практики.

**Место и улога на брендот**

Местото и улогата на брендот дефинира за што се залага нашиот бренд во односите со целните групи, партнерите и поддржувачите, волонтерите и другите организации кои се обидуваат да стигнат до истите целни групи. Во суштина брендот ги дефинира елементите кои не прават поразлични од другите, а силното позиционирање на нашиот бренд е во наш интерес.

Нашиот бренд дава одговор на прашањето: „Кои услуги ги обезбедуваме?" Одговорот на прашањето е дека ние им помагаме на луѓето на планот на спречување, подготвеност и дејствување при итни состојби, обезбедуваме заштита на животот и добрата на човекот, зајакнување на активностите за опоравување од катастрофи и кризни состојби, унапредување на здравјето и безбедниот живот на луѓето, како и унапредување на социјалната вклученост и промоција на култура на ненасилство и мир, промовирање хуманитарна акција, ги вклучуваме младите и останатите категотии на лица преку хуманитарна едукација, кон хуманитарна акција.

Бенефициите ги претставуваат рационалните и емотивните карактеристики со кои целните групи, партнерите и поддржувачите, волонтерите и другите организации директно се поврзани со нас. Емотивните бенефиции даваат одговор на прашањето, **„Што чувствувате во врска со Црвениот крст?”.** Одговорот на прашањето би бил дека преку вклученоста им овозможуваме на луѓето да се чувствуваат хумано и да им помагаат на другите кои имаат потреба од помош, како и целните групи да се чувствуваат достоинствено и заштитено.

Рационалните бенефиции, пак, даваат одговор на прашањето, “Каков впечаток оставаме на Вас?” Ова опишува како луѓето гледаат на нашите услуги и што мислат за нас. Позиционирањето на брендот во општеството се развива и постојано ќе се развива. Позиционирањето го претставува имиџот во однос на тоа што значи брендот во мислите на целните групи и е условено од моменталното маркетиншко опкружување и од целта на организацијата. Црвениот крст им помага на луѓето на кои им е неопходна помош. Едноставно позиционирањето на брендот е нешто што се создава и нешто што може да се смени со текот на времето и зависно од околностите кои се менуваат во маркетиншкото опкружување.

## 2. ОФИЦИЈАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА БРЕНДИРАЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Нашето лого е едно од највредните капацитети кои ги поседуваме - нешто што моментално се препознава и вреднува ширум светот. Нашиот визуелен идентитет претставува олицетворение на сето она за што Црвениот крст на Република Македонија се залага, а истовремено влијае на изгледот и чувството на сè што правиме. Доколку сме посветени и доследни на неговата употреба сите заедно можеме да го зајакнеме квалитетот на нашата работа, да водиме јасни и авторитетни комуникации и информации и најважно достојно да ги дисеминираме нашите вредности.

### Амблем на Црвен крст

Уште во 1864 година, Женевските Конвенции ги одредија амблемот на Црвен крст како симбол за заштита и неутралност. Амблемот на Црвениот крст е меѓународно признат симбол за заштита и неутралност за време на војни и вооружени судири. Во мирнодопски услови, амблемот на Црвениот крст идентификува луѓе, програми и услуги поврзани со хуманитарната мисија и активностите на Црвениот крст. Црвениот крст е еден од најпризнатите симболи во светот.

## ПРАВЕН КАУЗАЛИТЕТ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА БРЕНДИРАЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Црвениот крст на Република Македонија донесена од страна на Собранието на Црвениот крст на Република Македонија од 27.03.2013 година утврдено е дека логото на Црвениот крст и неговата унифицирана употреба се уредува со Стандарди за брендирање на Црвениот крст на РМ.

Извршниот одбор на Собранието на Црвен крст на Република Македонија на својата седница одржана на 21. 05. 2013 година донесе Одлука за утврдување на логото на Црвениот крст и

Заклучоци со задолжение за изработка на документ Стандарди за брендирање на Црвен крст на РМ, со прецизиран и изработен фонт за зборовите во логото, прецизирање на спецификите на употреба на јазикот во срединитe каде делуваат општинските организации на Црвениот крст, како и утврдување на акроними (скратени називи) на Црвен крст на Република Македонија, Црвен крст на град Скопје и Општинска организација на Црвен крст кои ќе се користат за внатрешна употреба во Организацијата.

Стандардите за брендирање се поврзани со основната правна регулатива на ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - Закон за Црвениот крст на Република Македонија, („Сл. Весник на РМ") бр.41/94; Статут на Црвен крст на Република Македонија, и Правила за употреба и заштита на амблемот на Црвениот крст од 2001 година. Регулирањето, нормирањето и санкционирањето на употребната и заштитна функција на амблемот и името Црвен крст на Република Македонија се имплементирани во одредбите од овие документи.

Закон: Одредби во кои е регулирана употребата и заштитата на амблемот на Црвениот крст .

Статут: Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Црвениот крст на Република Македонија

Правила: Изворна врска со Правилата за употреба на амблемот на Националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина од 1965 година и ревидирани во 1991 година, изготвени врз основа на одредби на Женевските конвенции од 1949 година и Дополнителните протоколи од 1977 година.

Стандардите за брендирање се во директна меѓузависна врска со измени, дополнувања или нова законска регулатива во остварувањето на активностите и основната мисија на Црвен крст на Република Македонија.

**Лого на Црвен крст на Република Македонија**

На сите ни причинува посебно задоволство да служиме во најдобар интерес на нашето лого кое е светски признат симбол на добрата волја и хуманоста. Докажаниот и почитуван амблем е од непроценлива вредност, кој доколку доследно се користи ќе овозможи нашата организација да биде посилна и да пренесува унифицирана порака. Нашето лого е составено од два дела: амблемот Црвен крст и зборовите „Црвен крст на Република Македонија" согласно одлуката на Извршниот одбор на Црвен крст на Република Македонија бр. 02- 432/5 од 21. 05. 2013 година.

**Лого на општинска организација на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје**

Логото на општинската организација на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје се состои од три дела: амблемот Црвен крст и зборовите Црвен крст на Република Македонија – општинска организација (назив на седиштето), односно Црвен крст на Република Македонија – Црвен крст на град Скопје, согласно одлуката на Извршниот одбор на Црвен крст на РМ бр. 02- 432/5 од 21. 05. 2013 година.

**ОФИЦИЈАЛНИ ВЕРЗИИ НА УПОТРЕБА НА ЛОГОТО НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Зборот лого тип се користи за опишување на комбинација на амблемот и зборовите * Црвен крст на Република Македонија*, како што е прикажано подолу во овој документот. Во употреба се четири верзии – лого типови на логото на Црвен крст на Република Македонија со изведени специфики на употреба, согласно јазична и територијална специфика на употреба различни средини на дејствување во Република Македонија.

Официјална верзија на употреба на логото на Црвен крст на Република Македонија е на македонски јазик.

Лого типовите на Црвен крст на Република Македонија се достапни во повеќе јазични верзии и тоа (македонско – албанска, македонско – албанска – англиска, македонско - англиска и англиска верзија). Повеќе јазичните верзии на лого топовите се изработени и вклучени за да исполнат посебни потреби на употреба на логото, во различни средини каде делуваат општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, како и за меѓународна комуникација.

Англиската верзија се користи за документи и публикации за меѓународна кореcподенција, но само со називот Црвен крст на Република Македонија на англиски јазик.

Користењето на логото на Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст има ограничена употреба. Во рамките на нивното дејствување потребно е користење на логото на Црвен крст на Република Македонија ( печатење на облека, возила, канцелариски материјал, итн), додека општинското лого ќе се користи за архитектура и внатрешни документи специфицирани согласно стандардите за брендирање.

Во продолжение се претставени прикази на официјалните позиции на името на националното друштво и името на општинска организација на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје во четири официјални лого типови со конкретни спецификации и дополнителни специфики на употреба.

**ЛОГО ТИП 1**



**Лого тип 1** претставува официјално лого на националното друштво кое е прецизирано за употреба од страна на сите субјекти во Црвен крст на РМ во рамките на официјалната комуникација, прецизирани подолу во документот.

## Специфики на употреба на лого тип 1















Име на фонт: CKRM

**abcdefghijklmnopqrstuvwxyz ABCDEFGHIJKLMNOPQRSTUVWXYZ**
**1234567890.:,; ' " (!?) +-*/=**

Име на фонт: Myriad Pro Cond

abcdefghijklmnopqrstuvwxyz ABCDEFGHIJKLMNOPQRSTUVWXYZ
1234567890.:,; ' " (!?) +-*/=

**ЛОГО ТИП 2**



**Лого тип 2** претставува втора верзија на официјалното лого на националното друштво кое е прецизирано во ограничена употреба за специфични форми на промотивни материјали или електронски комуникации, при што неговата форма соодветствува со просторот со кој располагаме за дизајн и обележување.

## Специфики на употреба на лого тип 2


















Име на фонт: Myriad Pro Cond (Bold)

**abcdefghijklmnopqrstuvwxyz ABCDEFGHIJKLMNOPQRSTUVWXYZ**
**1234567890.:,;' " (!?) +-*/=**

Име на фонт: Myriad Pro SemiExt

abcdefghijklmnopqrstuvwxyz ABCDEFGHIJKLMNOPQRSTUVWXYZ
1234567890.:,;' " (!?) +-*/=

## ЛОГО ТИП 3



**Лого тип 3** има ограничена употреба за одбележување на униформа, облека согласно стандардите за употреба на логото.

## Специфики на употреба на лого тип 3







1x
1x
1x
1x
1x
просторот меѓу буквите (македонски јазик) +95% (зголемен од стандардниот на фонтот) - да се изедначи со ширината на кракот на крстот
просторот меѓу буквите (македонски јазик) +13% (зголемен од стандардниот на фонтот) - да се изедначи со ширината на кракот на крстот
просторот меѓу буквите (албански јазик) -4% (намален од стандардниот на фонтот) - да се изедначи со ширината на кракот на крстот
0.3x
0.3x
0.14x
0.14x
0.12x
0.12x
ЦРВЕН КРСТ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KRYQI I KUQ
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
Font:Franklin Gothic Heavy просторот меѓу буквите (албански јазик) +85% (зголемен од стандардниот на фонтот) - да се изедначи со ширината на кракот на крстот
1x
0.146x
0.146x
ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT
0.1x
0.1x
текстот е централно поставен
фонт Franck Gothic DemiCond
- македонски јазик
- албански јазик
(проредот на текстовите се прилагодува на подолгиот текст (јазик) кој има стандарден додека на пократкиот текст (јазик) се зголемува да се изедначи поради симетрија)


1x
1x
1x
1x
1x
Font:Franklin Gothic Heavy просторот меѓу буквите (македонски јазик) +95% (зголемен од стандардниот на фонтот) - да се изедначи со ширината на кракот на крстот
Font:Franklin Gothic Heavy просторот меѓу буквите (македонски јазик) +13% (зголемен од стандардниот на фонтот) - да се изедначи со ширината на кракот на крстот
Font:Franklin Gothic Heavy просторот меѓу буквите (албански јазик) -4% (намален од стандардниот на фонтот) - да се изедначи со ширината на кракот на крстот
0.3x
0.3x
0.14x
0.14x
0.12x
0.12x
ЦРВЕН КРСТ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KRYQI I KUQ
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
Font:Franklin Gothic Heavy просторот меѓу буквите (албански јазик) +85% (зголемен од стандардниот на фонтот) - да се изедначи со ширината на кракот на крстот
1x
0.146x
0.146x
ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА КИСЕЛА ВОДА
ORGANIZATA KOMUNALE KISELA VODË
0.1x
0.1x
текстот е централно поставен
фонт Franck Gothic DemiCond
- македонски јазик
- албански јазик
(проредот на текстовите се прилагодува на подолгиот текст (јазик) кој има стандарден додека на пократкиот текст (јазик) се зголемува да се изедначи поради симетрија)

Име на фонт: Myriad Pro Black Cond

**abcdefghijklmnopqrstuvwxyz ABCDEFGHIJKLMNOPQRSTUVWXYZ**
**1234567890.:,;'" (!?) +-*/=**

Име на фонт: Myriad Pro SemiExt

abcdefghijklmnopqrstuvwxyz ABCDEFGHIJKLMNOPQRSTUVWXYZ
1234567890.:,;'" (!?) +-*/=

## ЛОГО ТИП 4




Лого тип 4 има ограничена употреба за одбележување на возила, теренска униформа, облека и други специфични теренски обележја согласно стандардите за употреба на логото.

### Специфики на употреба на лого тип 4




5.34x
4.33x
Font:Myriad Pro BlackCond
-проредот меѓу буквите
(ЦРВЕН КРСТ) стандарден на фонтот
-двоен space меѓу зборовите
135.85°
1x
висина на текстот
0.5x
ЦРВЕН КРСТ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
позиционирани така
да нивната горна граница
е во линија со највисоката точка
на крстот
Font:Myriad Pro BlackCond
-проредот меѓу буквите
(НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)
110% (зголемен од стандардниот на фонтот)
-двоен space меѓу зборовите
2.4x
0.75x
ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА КРИВА ПАЛАНКА
0.3x
Font:Myriad Pro SemiExt
- централно поставен согласно вертикалната оска на крстот


5.34x
4.7x
2.4x
1x
-проредот меѓу буквите
(македонски јазик)
-25% (намален од стандардниот на фонтот)
висина на текстот
0.33x
ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
позиционирани
на средината
KRYQI I KUQ I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
-проредот меѓу буквите
(албански јазик)
35% (зголемен од стандардниот на фонтот)
0.75x
ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT
0.3x
0.3x


5.34x
4.7x
2.4x
1x
Font:Myriad Pro Cond
-проредот меѓу буквите
(македонски јазик)
-25% (намален од стандардниот на фонтот)
висина на текстот
0.33x
ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
позиционирани
на средината
KRYQI I KUQ I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
Font:Myriad Pro Cond
-проредот меѓу буквите
(албански јазик)
35% (зголемен од стандардниот на фонтот)
0.75x
ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЦЕНТАР
ORGANIZATA KOMUNALE QENDËR
0.3x
0.3x
Font:Myriad Pro SemiExt
- централно поставен согласно вертикалната оска на крстот




Име на фонт: Myriad Pro Black Cond

**abcdefghijklmnopqrstuvwxyz ABCDEFGHIJKLMNOPQRSTUVWXYZ**
**1234567890.:,;' " (!?) +-*/=**

Име на фонт: Myriad Pro SemiExt

abcdefghijklmnopqrstuvwxyz ABCDEFGHIJKLMNOPQRSTUVWXYZ
1234567890.:,;' " (!?) +-*/=

## СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ЛОГОАТА И НИВНА УПОТРЕБА (БОЈА, ТИПОГРАФИЈА, ФОНТ )

За прецизно и едногласно комуницирање потребно е правилно користење на стандардите за брендирање и пропишаните елементи на типографија, фонт и боја на логото на Црвен крст на Република Македонија. Кога типографијата се користи правилно може да пренесе имиџ и емоции исто онолку, дури некогаш и повеќе и од фотографијата. Бојата која ја користиме треба само да го истакнува и надополнува нашето лого и никогаш да не го засенува, додека фонтот е исто така составен дел на Црвен крст на Република Македонија кој го создава логото. Токму затоа потребно е детално прецизирање на сите елементи на логото за да се формира бренд кој гласно зборува за вредностите и стабилноста на организацијата.

### Празно место во лого

Во секое време околу логото мора да има празен простор најмалку еден квадрат еднаков на еден квадрат од крстот (1X) и секогаш на бела позадина. Согласно стандардите во овој минимален простор кој треба да остане празен, не смеат да се вметнат никакви графички елементи или типографија.




**Минимални стандарди за големина на лого:**

Употребата на лого типовите секогаш мора да биде во соднос на поставените елементи и минималната големина да не биде помала од 12мм.

За да се запази визибилитетот и легитимитетот на логото на Црвен крст на Република Македонија, тоа не смее да биде помало отколку минималната величина која е нагласена.

**Типографија**

Начинот на испишување на името на организацијата Црвен крст на Република Македонија како и останатите текстуални елементи од лого типовите од специфичните лого типови е испишан со фонт CKRM уникатно изработен за изработка на Стандардите за брендирање на Црвен крст на Република Македонија. Согласно стандардите  се користи црна боја на сите текстуални елементи како името Црвен крст на Република Македонија и општинските организации.

**Боја на лого**

Бојата е многу важен дизајнерски елемент кога се користи за прикажување на брендот на Црвениот крст. Бојата може да биде емотивно поврзана со нашите целни групи и нашата работа, со цел ефективните комуникациски пораки да дојдат повеќе до израз и да останат подолго во сеќавање со акцент на препознатливост. Кога се користи правилно, бојата може да го даде вистинскиот тон и да ја пренесе вистинската порака на брошурата, интернет страната или било каков друг вид на комуникациска техника.

**Примарни бои**

При создавање на брендот заедно и ефективно, црвената, белата и црната боја имаат силно влијание и недвосмислено го рефлектираат нашиот бренд.

## ПРИМЕНА НА БРЕНДОТ

Поединечните основни лого типови имаат своја специфична намена за употреба во рамките на Стандардите за брендирање на националното друштво. Во продолжение следуваат спецификите за примена на лого типовите на различни платформи кои се користат во рамките на визуелното прикажување на амблемот на Црвениот крст во нашето национално друштво.

**Меморандум** - при изработката се користи лого тип 1. При изработката на меморандуми на Црвен крст на град Скопје и општински организации на Црвен крст, ќе се користи официјалното лого на Црвен крст на РМ, под кое се наведува називот на седиштето.



**Визит карта** - при изработката се користи лого тип 1.




**Плик** – При изработката се користи лого тип 1.

Плик – хоризонтална форма




Американ плик



Плик А4 портраит




А4 плик – хоризонтална форма



**Пенкало** – при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.







**Нотес** - при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.



**Знаме**- согласно член 4 од статутот на Црвен крст на Република Македонија знамето на организацијата се состои од Црвен крст на бела основа, поставен на местото каде се вкрстуваат дијагоналите, а односот на должината и широчината на знамето е 2:1.



**Банер** - при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност



**Пакет** - при изработката се користи лого тип 2, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност



**Кеса (врећа)** – при изработката се користи лого тип 2, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.




**Чаша** - при изработката се користи лого тип 1, 2 и 4 исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.




**Накит и Значки** –.само крстот (без логото) може да се користи на мали значки и друг накит, бидејќи логото нема да може да се прочита на многу мали производи.Ако не користите боја за пополнување, крстот може да биде во бојата на материјалот кој го користите — на пример, златен на златна позадина.



**Беџ** – при изработката се користи лого тип 1 и 3, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност




**Врвка**– при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност




**Папка** – при изработката се користи лого тип 1 и 2, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.



**Говорница и пано** - при изработката се користи лого тип 1 и 2, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.





**Натпис за на маса** – при изработката се користи лого тип 1.




**Честитка** - при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.



**Календар** – при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.

## ПУБЛИКАЦИИ

Црвен крст на Република Македонија во рамките на своето дејствување, публикува голем број на прирачници, извештаи, програми, стратешки планови, проценки и анализи на организацијата со што го зајакнува имиџот и комуникацискиот процес со целните групи, волонтерите, партнерите и донаторите. Согласно стандардите за дизајнирање на логото за изработка на публикациите може да се користи лого тип 1, со поставување на логото горе или долу, но секогаш на бела позадина повлечена од едниот крај на публикацијата до другиот, во форма на бела лента зависно на долниот или горниот дел.




ФОТОГРАФИЈА ИЛИ ИЛУСТРАЦИЈА
(или комбинација од двете)
Црвен крст на Република Македонија
min 1x
min 2x
min 2x


min 2x
min 2x
min 1x
Црвен крст на Република Македонија
ФОТОГРАФИЈА ИЛИ ИЛУСТРАЦИЈА
(или комбинација од двете)


ФОТОГРАФИЈА ИЛИ ИЛУСТРАЦИЈА
(или комбинација од двете)
Црвен крст на Република Македонија
min 1x
min 2x
min 2x


min 2x
min 2x
Црвен крст на Република Македонија
min 1x
ФОТОГРАФИЈА ИЛИ ИЛУСТРАЦИЈА
(или комбинација од двете)


ПУБЛИКАЦИЈА


ПУБЛИКАЦИЈА







**Флаери,Плакати, Брошури** - при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност







min 2x
min 1x
min 1x
Е ДОЦНА
КРАЈ НА
ДА СЕ СТАВИ
ТРГОВИЈАТА


17 МАРТ MARS
2011
ДЕН НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
DITA E DHURIMIT TË GJAKUT
NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË
КРВОДАРИТЕЛСТВО
DHURIMI I GJAKUT
ДОНИРАЈ КРВ, ПОДАРИ ЖИВОТ
DHURO GJAK, DHURO JETË
min 1x
min 1x
min 2x
Црвен крст на Република Македонија


ЈАС СЕ ГРИЖАМ ЗА СВОЕТО СРЦЕ, А ТИ ?
UNË KUJDESEM PËR ZEMRËN TIME, PO TI
НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ СРЦЕВОСАДОВИ ЗАБОЛУВАЊА
JAVA E LUFTËS KUNDËR SËMUNDJEVE TË ENËVE TË GJAKUT
февруари shkurt 21 – 28
1x
1x
2x
Црвен крст на Република Македонија

**ВЕБ СТРАНА** - при изработката се користи лого тип 1.




**Е- ВЕСНИК** - при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност .



**Социјални мрежи**  - при изработката се користи лого тип 2.

**Видео** - при изработката се користи лого тип 1 и 2, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.

**Е-маил потпис** – при изработката се користи лого тип 1.

Како и писмата, е-мејловите се деловна комуникација. Не додавајте на нив цртежи, анимации, или други елементи во потписот. Дозволено е вметнување на уште еден амблем доколку се работи за поддршка на некоја тековна кампања или обележување во рамките на Движењето:




**Примери за изработка на Power Point презентации** - при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.









**Налепници и лепенки** - при изработката се користи лого тип 1, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност




**Брендирање на публикации од страна на Црвен крст на град Скопје и Општинските организации на Црвен крст**

Општинската организација на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје при печатење на свои изданија ги брендира со логото на општинската организација и Црвен крст на град Скопје од лого тип 1. Во услови на партнерска соработка или доколку се работи за поддршка на печатење од страна на некоја инститиутуција, и доколку е потребно поставување на партнерско лого, секогаш истото се поставува на десната страна од горниот агол, бидејќи нашето лого е поставено во левиот горен агол.




## ОБЛЕКА И ЛЕПЕНКИ НА ОБЛЕКА

При изработката се користи лого тип 3 и 4.

***Маици***

| | |
|---|---|
|  |  |
|  |  |



*Капи*



*Јакни и елеци*









- ***Дуксери***
- ***Панталони***





- ***Ранец*** -при изработката се користи лого тип 4, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност



**Брендирање на облека во склоп на кампања или партнерска соработка.** Доколку се работи за кампања на организацијата со комбинација на друг текст или вметнување на друго лого при

дизајнот, логото на Националното друштво секогаш се вметнува на десниот ракав на рамото, додека логото на партнерската организација на левиот. Користење на општинското лого на облека се предвидува само во услови на локална партнерска соработка и поддршка при реализирање на заеднички кампањи, проекти и иницијативи.

**Шатор и церада** – при изработката се користи лого тип 4, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.



**Возило** – при изработката се користи лого тип 1 и 4, исклучиво со логото на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност




Црвен крст на Република Македонија
Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KRYQI I KUQ I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË



**Одликувања и Признанија**

При дизајн на одликувања и признанија, заради потребата од специфично дизајнирање, се користи лого тип 1 и употреба на лого на Црвен крст на Република Македонија на сите нивоа на организациона поставеност.

**Дипломи ,Сертификати ,Уверенија, Благодарници** -- при изработката се користи лого тип 1.

**Картички за евиденција**

**Легитимации**, **Волонтерски картички, Членски картички** - при изработката се користи лого тип 1

**Илустрации** - за илустрациите или сликовитиот израз на имиџот и хуманитарната мисија и активности на Црвен крст на Република Македонија се користи стандардизирано лого или цртеж на стандардизирано лого на бела основа, Црвен крст со пет еднакви квадрати, со димензии предвидени во бренд стандардите на светла бела позадина.



## АРХИТЕКТУРА

Овој дел го означува бренд-стандардирањето на објектите на Црвен крст на Република Македонија, Црвен крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст.

**Натпис за објекти** - при изработката се користи лого тип 1

.




## ПРЕЦИЗИРАЊЕ НА ЛОГО НА ПОЕДИНЕЧНИ ФОРМИ НА ВОЛОНТЕРСКО ЗДРУЖУВАЊЕ

**ФОТОГРАФИИ**

**Насоки за фотографии**

Добрата фотографија може да му падне секому во око и да ги натера да погледнат брошура, да прочитаат реклама или пак да ѕирнат во извештај за кој немаат време да го прочитаат. Сликата може побрзо да ја пренесе приказната напишана во два параграфа. Еве некои критериуми како да се направи и избор на добри фотографии.

Секогаш кога комуницираме, сакаме да им кажеме на луѓето што правиме и како тоа го правиме — и тоа сакаме да им го кажеме јасно и концизно. Па така, **како прво** треба да знаеме што сакаме да кажеме. Добрата фотографија ќе ја пренесе таа порака и без текст. **Како второ**, погледнете ја одблиску фотографијата. Окото секогаш оди на најсветлиот дел од фотографијата, а потоа на основата и конечно на најострите делови од сликата. Па затоа најважните работи на фотографијата треба да бидат светли, со остар фокус и да бидат во предниот дел од фотографијата. **На крај**, колку е поедноставна сликата толку е подобра.

Уште неколку важни работи кои треба да ги имате во предвид: Кога подготвувате брошура или извештај погрижете се сликите да ја прикажат разноликоста на организацијата и луѓето кои ги опслужуваме.

Покажете надеж, грижа, сочувство.

**Примери на фотографии**

Кога ќе се случи катастрофа, понекогаш треба да ја прикажете големината на настанот и на кој начин се погодени луѓето. Изберете фотографии кои не се премногу сензационални и кои покажуваат почит кон луѓето.



Може да покажете дека Црвениот крст е таму, помага, и без да има работник од Црвениот крст на сликата.




Крводарителите треба да изгледаат среќни и горди. Избегнувајте одблиску да ја фокусирате иглата за вадење крв.



Изберете едноставни, силни фотографии на Црвенокрсташи кои работат.







Бидејќи фотографиите за здравствено превентивни активности, и подготвеност при катастрофи вообичаено прикажуваат специфични акции или обуки, тие треба да бидат јасни и едноставни.

Ако изберете да користите еднобојни или двобојни примери, следете го подоле даденото упатство.

За еднобојна фотографија, земете ја фотографијата во боја и конвертирајте ја во сива, а потоа прилагодете ги нивоата за да се избалансираат црните, сивите и белите области.



За двобојна фотографија, земете ја еднобојната фотографија, конвертирајте ја во црна и црвена двобојна фотографија, со тоа што ќе се прилагоди двобојната крива: црна 0 до 100% и црвена 0 до 50%. Ова е единствената двобојна крива која треба да се користи.



## УПОТРЕБА НА ЛОГОТО НА ЈАВНИ НАСТАНИ И ПРОМОЦИИ

Црвен крст на Република Македонија заедно со општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје за промоција на кампањи, одбележувања, истакнувања на реализирани и постигнати резултати, многу често организираат јавни настани, пред јавноста. Информирањето и комуникациите, се активности со кои ќе се постигне поголемата присутност во јавноста, транспрентноста во активностите и во користењето на средствата за јавно информирање, со што ќе се придонесе да се зголеми довербата кај граѓаните и за подобрување на имиџот на Црвениот крст на РМ. Кога се презентираат значајни хуманитарни цели, се организираа и прес-конференција.

За таа цел потребно е:

- Да се користи знакот, поставување на видливи позиции (говорница, папки, сценарија, знамиња, униформа, поставување на банерите на соодветно позиционирање др).
- Доколку го носите знакот на себе, секогаш да го поставувате на видливи позиции, да создавате услови за обезбедување на соодветна снимка од страна на медиумите.
- При јавни говори, медиумски гостувања како и состаноци секогаш носете го логото на себе, согласно пригодната форма (беџ, елек, значка, легитимација или накит) со цел одбележување на припадност.

## НАСОКИ ЗА УПОТРЕБА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА БРЕНДИРАЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Специфични правила за употреба

- Не е дозволено засенување, искривување или тридимензионирање на амблемот и типографијата на лого типовите.
- Ограничување на користење дизајни кои содржат асоцијации или слики во рамките на крстот.
- Може да го зголемите или намалите логото како целина, но не смеете да го нарушувате меѓусебниот сооднос на елементите;
- Логото секогаш мора да биде на бела позадина, со неколку одредени исклучоци, како што се значки или накит.
- На просирно или матно стакло, црвено - црното лого може да се стави без да се става под него бела исполнета позадина.
- Може да се користи логото во црно - бела варијанта, но единствено во веќе специфицираната форма на употрба согласно утврдените стандарди за негово поставување во весници или останати печатени материјали.

- Логото може да биде со црна боја кога се работи за печатење изданија во црно-бела боја како резултат на недостаток на средства за печатење на материјалот во боја.

- Лого типовите на Црвен крст на Република Македонија се достапни и во повеќе јазични верзии и тоа (македонско – албанска, македонско – албанска – англиска, македонско - англиска и англиска верзија). Повеќе јазичните  верзии на лого топовите се изработени и вклучени за да исполнат посебни потреби на употреба во средините каде делуваат општинските организации на Црвениот крст, како и за меѓународна комуникација.

- Не го менувајте фонтот на логото.

- Се утврдуваат  акроними (скратени називи) на зборовите Црвен крст на Република Македонија - ЦКРМ, за Општинската организација на Црвен крст - ООЦК, а за Црвен крст на град Скопје - ЦКГС, кои ќе се користат за внатрешна употреба во Организацијата.
- Заедно со овој документ следува и ЦД со сите подготвени материјали и официјални верзии на лого типовите за професионална стандардизирана употреба од страна на сите субјети на националното друштво.

- При имплементацијата на стандардите за употреба на брендот, ќе се врши постојано следење на процесот .